Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 04-4517/24
12.10.2016 год.

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11) и член 52 став 1 и 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас**

1. За вршител на работите на работното место Раководител на Одделение за општи работи, архивско и канцелариско работење, Сектор за општи и административни работи – 1 (еден) извршител, шифра УПР0101Б04000, објавен на интерниот оглас бр. 1/2016, се избира кандидатот:

   - **Аце Димовски**

2. Одлуката за избор да се достави до избраниот кандидат за унапредување и да се објави на интернет страницата на Агенцијата.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение бр. 04-4517/3 од 05.09.2016 година, донесено од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, спроведе постапка за унапредување по интерниот оглас бр. 1/2016, објавен на 01.09.2016 година. Врз основа на спроведената постапка директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечното завршување на постапката за унапредување на државен службеник ќе се донесе посебно Решение за унапредување на избраните кандидати.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот.

**ДИРЕКТОР,**
**м-р Зоран Поповски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за храна и ветеринарство СКОПЈЕ

ДОСТАВЕНО И ДО:
Именуваниот
Одделение за ОУЧР
Архива

qualityaustria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2008 No.15994/0



ОБ 4.2.3-07в01